НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Прва сесија на Работната група II – Социјална политика и вработување (Поглавје 19)**

# *Тема: Социјална инклузија на ранливите групи на пазарот на трудот во Република Македонија*

## *ЕКСПЕРТСКИ АНАЛИЗИ*

*Содржина:*

*Проф. Д-р Нано Ружин –*

*„Социјалните димензии на Стратегијата „ЕУ 2020“ и Република Македонија – стр.3*

*Проф. Д-р Светлана Трбојевиќ –*

*„Социјална инклузија на ранливите групи на пазарот на трудот во Република Македонија“ – стр.7*

Европско движење Република Македонија
European Movement Republic of Macedonia
Mouvement Européen République de Macédoine

СОЦИЈАЛНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА СТРАТЕГИЈАТА „ЕУ 2020“ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Социјалната политика опфаќа широк спектар на јавни политики, насочени кон обезбедување на социјално прифатиливо ниво на благосостојба на граѓаните во дадено општество. Социјалната политика е изградена на принципите на еднаквост, солидарност, субсидијарност, социјална праведност, социјално вклучување и социјална кохезија.Социјалната политика ги вклучува домените на социјална сигурност (политика на оддржување на приходите и вработување),социјална заштита (персонални социјални сервиси),здравство (здравствената политика и услуги), образование (програми за обуки), и политики за домување.

Посебен акцент во рамките на социјалната политика се става на заштита на делови од населението кое се нашло во ситуација од социјална потреба, односно доживува некаков социјален ризик кој не е во можност самостојно или во рамки на својата социјална поддршка да го надмине и за што му е потребна продлабочена интервенција од државата.

Современата социјалната политика ги надминува традиционалните форми на заштита обезбедени пред се преку социјалното осигурување иобезбедување на социјална парична помош за ранливите категории на лица. Нејзиниот фукус повеќе е насочен кон обезбедување индиректна заштита преку интеграција во економските процеси, пред се преку вработување, одржливост на работните места,гарантирање на минимални примања, обезбедување на адекватна здравствена и пензискита заштита. Соодносот помеѓу социјалната и детска заштита, социјалното осигурување, вработувањето, заштитата на работниците, одржливиот економски развојот, образованието, мобилноста на работната сила, заштитата на пензионерите, заштитата на невработените лица, како и заштитата на лицата со посебни потреби се од посебно значење за изградба на социјално праведно општество.

Стратегијата ЕУ2020 почива на пет амбициозни цели – во домен на вработување, иновации, образование, социјална вклученост и клима/енергија – кои треба да се остварат заклучно со 2020 година. Таргетите на конкретните цели на ЕУ 2020 се насочени кон обезбедување на вработеност на 75% од населението на возраст од 20 до 64 години; инвестиции во износ од 3% од БДП на ЕУ во истражување и развој; ограничување на емисии од стакленички гасови за 20% или дури 30% во однос

на нивоата од 1990 година, употреба на обновливи извори за 20% од потреби за енергија и зголемување на ефикасно користење на енергијата за 20%; намалување на стапката на лицата што рано го напуштаат училиштето под 10% и зголемување на процентот на лицата на возраст 30-34 години со завршено високо образование на 40%; и намалување на бројот на лицата што се изложени на сиромаштија или социјална исклученост за 20 милиони.

Како еквивалент на ЕУ2020 во Сараево во ноември 2013 година е усвоена Стратегијата за Југоисточна Европа (ЈИЕ) 2020: работни места и просперитет во европска перспектива. ЈИЕ 2020 е усвоена од страна на седум држави во регионот.Стратегијата има нагласен неолиберален карактер и се фокусира на трговска либерализација и јакнење на компетитивноста на националните економии.

Усвојувањето на Стратегијата ЈИЕ 2020 е значителен чекор во процесот на политичка и економска соработка, процес инспириран од Стратегијата Европа 2020 на ЕУ и во однос на прашањата кои се застапени, но и во однос на концептот на забрзување на напредокот во областите од заеднички интерес преку подобра соработка.Таа претставува првата платформа за структуриран дијалог во областа на трудот и социјалната политика.

Покрај претставниците на националните влади, во работните група за следење на имплементацијата се вклучени и други засегнати страни како синдикати и агенции за вработување. Во рамките на Стратегијата дефиниран е и системот за следење на имплементацијата на „ЈИЕ 2020“ со употреба на комбинација од квантитативни и квалитативни индикатпри преку кои се следи нејзината имплементација.Од аспект на имплементација, ЈИЕ 2020“ оптимистички ги поставува слединте таргети:зголемување на просечниот БДП по глава на жител во соодност со просекот на ЕУ: од 36,4% на 44% во 2020 година; зголемување на вкупната трговија на добра и услуги во ЈИЕ: од 94,4 милијарди евра на 209,5 милијарди евра во 2020 година; намалување на трговскиот дефицит во ЈИЕ: од -15,7% (просечно во периодот од 2008 до 2010 година) на -12,3 од БДП во 2020 година (креирање на 1 милион нови работни места во регионот на ЈИЕ), односно во периодот до 2020 година, вработеноста во државите од ЈИЕ регионот треба од сегашните 59% да достигне ниво од 75% вработеност.

Стратегијата дефинира пет столбови од кои, за нашата анализа од особено значење е инклузивениот раст - со ставање поголем акцент на развојот на вештини, создавање вработувања и инклузивно учество на пазарот на работна сила, здравството и благосостојбата.

Стратегијата за југоисточна Европа 2020предлага и можни реформи на политиката во правец на промовирање на заемното признавање на технички и професионални вештини за усогласување на квалификациите со рамката на ЕУ.Управувањето со пазарот на трудот го приоретизира зајакнувањето и проширување на способностите на институциите на пазарот на трудот кои треба да овозможат на корисниците на нивните услуги да стекнат нови вештини и да се прилагодат на нови услови, со осмислување програми за ранливи групи и справување со неформалното вработување.

Клучни активности во постигнување на целите на Стратегијата во димензијата вработување се:

- Изградување на регионални капацитети за хармонизирано следење на миграцијата и мобилноста со постепено отстранување на рестрикциите на пазарите на труд во регионот;

- Примена на современи пристапи во управувањето со пазарот на трудот кои стимулираат вработување, вклучувајќи флексибилност и безбедност, креирање политика заснована на докази и партнерства за транзиција на пазарот на трудот;

- Справување со неформалното вработување преку размена на информации и искуства, подобрена меѓуинституционална, но и внатреинституционална соработка и тестирање на прилагодени мерки на стратегиската политика;

- Промовирање на иницијативи на социјалната економија: Воспоставување на регулаторна рамка, вмрежување, споделување на знаења и идентификување на добри практики.

Се очекува дека меѓу-државната мобилност на трудот ќе придонесе кон поголем раст, задржувајќи ја работната сила во регионот.Промовирањето на иницијативи на социјалната економија се смета за уште едно важно средство за создавање нови работни места. Согласно Стратегијата координираниот пристап за решавање на постоечкиот расчекор меѓу способностите кои ги бара пазарот на труд и 40 вештините што ги создаваат системите за образование и обука се од суштинска важност. Стратегијата полага големо значење на социјалната економија од која се очекува дека ќе придонесе кон пораст на стапката на вработеност бидејќи е дефинирана како клучна цел во столбот за инклузивен раст. Сепак, проценето е дека социјалната економија се наоѓа во многу рана фаза во регионот и дека сеуште недостасуваат правни и институционални предуслови, но со значителен потенцијал да придонесе кон нови вработување пред се на социјално ранливите категории на лица

Во контекст на Стратегијата јавните служби за вработување играат клучна улога во креирање на мерки и активности во кои треба да се тесно поврзани и координирани со оние предвидени во столбот „Паметен раст“.Агенција за вработување игра значајна улога во проценките на состојбата на понудата и побарувачката за работна сила во однос на занимањата, вештините и квалификациите на своите корисници. Успешните практики во многу држави посочуваат на позитивни резултати од транспарентност на информациите поврзание со анализа на пазарот на трудот за професиите. Овие резултати во може да бидат добар индикатор за трендовите во побарувачката и понудата на работна сила.

Правилниот економски развој и унапредување на социјалната политика во Република Македонија, зависат од активности кои се во согласност со принципите на пазарот на трудот и со механизмите за соочување со променливите општествени состојби. Еден од факторите кој значително може да придонесе кон остварување на инклузивен раст на македонското општество е развојот на социјалната економија. Токму развојот на социјалната економија би придонела кон приближување кон реализација на посакуваната цел, а се очекува и токму социјалната економија да доведе до најмногу голем степен на напредок, согласно потребите и специфичните околности во општеството. За да се постигне втората етапа, треба да постои значителен простор и можност за квалитетна размена на податоци за да се следат заедничките договорени и внимателно насочени пристапи кон социјалната економија во сите држави изаинтересирани страни во регионот.

Политиките на одржлив развој, споредливи статистичкиподатоци и статистички прогнози на краток, на среден и на долг рок, заедно со имплементациските чекори, се сигурната основа за напредокот кој Република Македонија сака да го постигне.

Стартегијата и пропратните национални стратегии и акциски планови, грижата за социјално ранливите категории на граѓани, унапредување на правата и пристапот на социјално исклучените лица преку нивно вклучување, постигнувањето на оддржливо ниво на вработеност и драстично намалување на стапката на невработеност, како и глобалниот тренд на мобилност на работната и на образовната сила на ниво на ЈИЕ и ЕУ, креирањето на единствена база на податоци на институционално ниво, како и признавањето на вештините и способностите преку единствена кариерна рамка, се клучните аспекти кон кои треба да бидеме насочени за напредок и целосен

одржалив развој до 2020 година. Покрај тоа, успешното координирање помеѓу пензискиот и здравствениот систем, социјалните придонеси, реализираните вработувања, успешноста на работење на компаниите во Република Македонија, системот на заштита на ранливите категории на граѓани, со посебен акцент на вклучување на маргинализираните лица, бездомниците и зависниците, заедно со лицата кои претходно биле лишени од слобода, во системот на државата, се приоритетните цели на Република Македонија до 2020, т.е. 2025 година.

Социјална инклузија на ранливите категории на лица на пазарот на труд претставува голем предизвик со кој е соочена Република Македонија. Поимот ранливи категории на лица се однесува на оние групи во општеството кои немаат еднаков пристап и партиципација, еднаков третман и

еднакви можност до правата и услугите во различни домени од социјалната политика вклучувајќи го и доменот на вработување. Што доведува до отежнато вработување, потешко зачувување на работа и потешко напредување на работното место. Во оваа категорија на лица се вбројуваат: долгорочно невработените лица, лицата со посебни потреби, корисници на социјална помош, самохрани мајки, жените жртви на трговија и жртви на семејно насислтво, лица со низок степен на образование, лица кои злоупотребуваат дроги, долгорочно невработени лица над 50 годишна возраст, лицата од помалите етнички заедници, пред се Ромската заедница, лица од маргинализираните заедници, лица кои ги напуштиле казнени институции и лицата кои имале статус на лица без родители и родителска грижа, како и младите лица помеѓу кои особено е висока стапка на невработеност.

Со цел да се унапреди интеграцијата на различните категории на лица во ризик од социјална исклученост усвоени се низа на стратешки докименти. Помеѓу кои ќе ги издвоиме: „Националната стратегија за вработување 2016-2020", Акциски план за вработување на млади" за периодот 2016-2020 година, кои се во согласност со обврските што произлегуваат од Глобалниот пакт за работни места на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Резолуцијата за Кризата со вработување на младите: повик за акција и Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020, како и Програмата на Владата на Република Македонија каде се дефинира политиката за вработување во Република Македонија. Дополнително значајни документи во рамки на меката легислатива се „Национална стратегија за сиромаштија и социјална инклузија", Националната стратегија за изедначување на правата на луѓето со пречки во развојот (ревидирана) 2010-2018, Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2012-2015. Целите на горе наведените документи вклучуваат подобрување на претприемачките способности на невработените лица, зголемување на вработливоста и вработувањето на ранливите лица.

Социјалната инклузија на пазарот на труд има за цел да обезбеди еднакви можности за пристап на ранливите категории на лица. Пазарот на трудот Република Македонија се карактеризира со висока стапка на невработеност помеѓу младите и помеѓу ниско квалификуваните лица, со ниска стапка на активација на жените, долгорочна невработеност, недостаток и несоодветна стручна подготовка, проблеми поврзани со премин од формално образование кон формална работа, диспропорција

помеѓу стекнатото образовно искуство и реалните потреби на пазарот на трудот, прифаќање на непријавена работа и слично. Република Македонија промовира политики и мерки кои се насочени кон надминување на горе наведените состојби  и тоа во однос на зајакнување на капацитетите на понудата и во однос на прилагодување и поттикнување на побарувачката на труд.

Главни предизвици во однос на пазарот на трудот се бавниот економски развој и ниско ниво на креирање на работни места, како и малиот број на инвестиции, недоволна ефективноста е ефикасноста на користењето на можностите на институциите на пазарот на трудот, евидентна неусогласеност помеѓу знаењата и вештините на понудата со побарувачката на пазарот на трудот, присуство на неформалната економија, недоволна функционалност и ефикасност на социјалните партнери во креирањето и имплементацијата на економските и социјални политики.

Надминувањето на овие предизвице бара координирано и усогласено делување на поголем број чинители во области од економската и фискалната политика, политиките за развој на претпријатија, образованието, пазарот на трудот, на институциите за пазарот на трудот, како и на граѓанското општество. Политиките на пазарот на трудот треба да се насочат кон креирање на нови работни места преку подобрување на: конкурентноста и бизнис-климата, зголемување на домашните и странски инвестициите; подобрување на механизмите на пазарот на трудот; прилагодување на образовниот систем кон потребите на пазарот на трудот; подобрување на службите на пазарот на трудот; безбедност и флексибилност на работните места; активни политики на пазарот на трудот насочени кон зајакнување на ранливите групи; и подобрување на условите за ефикасен социјален дијалог.

Приватниот сектор е еден од клучните сегменти за надминување на проблемот со невработеноста. Стуктурата на приватниот сектор сѐ карактеризира со доминантна распространетоста на микро и мали претпријатија кои имаат мали капацитети за апсорбирање на социјално ранливите категории на лица и младите. Микро претпријатијата се важни економски агенти, затоа е потребно е да се намали административниот товар врз нив. Пристапот до финансиски средства за нив треба да биде олеснет, особено пристапот до капитал за почетните микро бизниси.

Во однос на предизвиците кои се однесуваат на пазарот на работна сила за  младите  се посочуваат проблемите поврзани со нефлексибилност на платите што е претставува главен фактор за

високата стапка за напуштање на државата што доведува до загубата на квалификувана работна сила. Неусогласеност на знаењата и вештините, неадекватност помеѓу степенот на образование и работните позиции кои им се нудат (младите со повисок степен на образование имаат поголема веројатност да бидат вработени од оние со пониско образование), но за жал во домени кои се наменети за ниско квалификувана работна сила.

Агенцијата за вработување во рамките на годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд развива активни политики за невработените инвалидни лица кои активно бараат вработување. Направени се големи напори за да се идентификуваат и развијат реалните капацитети на лицата со попреченост со цел да им се овозможи пристап до работа на отворениот пазар. Сепак практиката покажува дека овие лица, главно, се вработуваат во заштитните претпријатија кои не придонесуваат за нивна социјална интеграција. Достапните податоци покажуваат на мал број на вработени лица со посебни потреби, нагласувајќи ја потребата за сеопфатна проценка на постоечките мерки на политиката. Една од причините за несоодветно вклучување на пазарот на трудот е идентификувана во ниското образовно ниво на дел од на лицата со посебни потреби. Мал дел од лицата со инвалидност е вклучен во процесите на редовно образование и е способен да се натпреварува на отворениот пазар на трудот. Главно тие се стекнуваа со образование кое го ограничува инвалидното лице на неколку професии за кои не се секогаш има соодветна побарувачка на пазарот на трудот. Затоа е потребно ажурирање на понудените образовни обука за овие лица. Дополнително, разочаруваат сознанијата од практиката дека за некои заштитни претпријатија, единствена мотивација за вработување на лицата со инвалидност се финансиските придобивки што може да се добијат од Специјалниот фонд. Така, во мал број случаи лицата со инвалидност се фиктивно вработени, но во пракса тие остануваат исклучени од учество во трудовите процеси, со што не се постигнува целта за социјално вклучување.

Агенција за вработување игра значајна улога во проценките на состојбата на понудата и побарувачката за работна сила во однос на занимањата, вештините и квалификациите на своите корисници. Успешните практики во многу држави посочуваат на позитивни резултати од транспарентност на информациите поврзание со анализа на пазарот на трудот за професиите. Овие резултати во може да бидат добар индикатор за трендовите во побарувачката и понудата на работна

сила. Агенцијата има особена улога во реализација на Оперативните планови за активни програми и мерки за вработување. Клучни карактеристики на новиот Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2018 година се проширување на опфатот на корисници, што подразбира вклучување и на социјални претпријатија и граѓански непрофитни организации кои се занимаваат со економска активност. Посебено место во Оперативниот план е посветено на Младинската гаранција. Покрај посветеноста кон аквитација на младите до 29 години на пазарот на труд Оперативениот план посебно се фокусира и на инвалидните лица и активацијата на Ромите на пазарот на труд. Оперативниот план предвидува зголемена пристапност до информации за невработените лица и работодавачите за можноста за учество во програмите, мерките преку обезбедување на информации за услугите преку телефон, СМС, е-пошта. Уредување на правата и обврските се регулира преку склучување на посебен договор.

Покрај младинската гаранција, посебно насочена кон младите е програмата за Поддршка за самовработување која примарно е наменета за млади до 29 години. Додека во рамки на програмата Креирање на нови работни места, подпрограмата Субвенционирање на плати директно е наменета за социјално ранливите категории на лица (570) следните категории долгорочно невработени, млади 29, постари 50, корисници на спп или паричен надоместок по основ на невработеност, корисници на УПН, деца без родители, жртви на семејно насилство, инвалидни лица, жени припадници на помали етнички заедници, лица припадници на ромската етничка заедница, самохрани родители, родители на деца со пречки во развој, родители на 3 и повеќе деца, родители на деца на улица, осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, лица со незавршено средно или пониско образование. Корисници на оваа програма се мико, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански непрофитни организации кои се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност. Исто така во рамки на Програма за работно ангажирање, подпрограмите Општокорисна работа и Јавни работи се наменети за лица со ниски квалификации. Активацијата на невработените Роми е предвидена во рамки на Услугите при вработување. Таа предвидува пристап до ментори, кои ќе бидат ангажирани во локалните заедници кои со помош на користење на индивидуален пристап за идентификување на знањеата, квалификациите и вештините со кои располагаат лицата, ќе се пристапи кон упатување на соодветни

програми од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазар на трудот.

Концептот на социјално претприемништво е еден од клучните столбови во стратегијата за економски раст и развој на ЕУ до 2020 година и на ЈИЕ 2020. Имено во 2012 година Европската Комисија за социјални бизнис иницијативи истакнува дека "нема економски раст и креирање на работни места без социјално претприемништво." Стратегијата полага големо значење на социјалната економија од која се очекува дека ќе придонесе кон пораст на стапката на вработеност бидејќи е дефинирана како клучна цел во столбот за инклузивен раст. Социјалната економија има за цел да обезбеди вработување, грижа и поддршка на социјално загрозени лица, лица со посебни потреби, тешко вработилив лица со помалку можности, долгорочно невработени лица, и слично. Во земјава денес постојат одреден број социјални претпријатија кои ги вработуваат најранливите групи на граѓани. Маргинализираните групи единствено на овој начин можат да станат финансиски независни и да бидат вклучени и на пазарот на трудот и во социјалниот живот. Успешната примена на концептот за социјално претприемништво треба да резултира со зголенување на локалниот економски раст и развој, намалување на невработеноста, заштита на животната средина и намалување на загаденоста. Сепак, проценето е дека социјалната економија се наоѓа во многу рана фаза и дека сеуште недостасуваат правни и институционални предуслови, но со значителен потенцијал за истата да придонесе кон нови вработување пред се на социјално ранливите категории на лица.